Спортска Академија
Државно средно училиште

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДСУ СПОРТСКА АКАДЕМИЈА
Бр. 08-1786/1
02.09. 2016 год.
СКОПЈЕ

**Куќен ред на ДСУ Спортска академија – Скопје**

Со **куќниот ред** се регулира редот, дисциплината, односите меѓу учениците, наставниците и наставата во училиштето.

Наставата во училиштето се одвива во две смени: прва смена од 10:40 часот до 13:15 часот (за паралелките по фудбал од 7:30 часот), втора смена од 13:30 часот до 19:15 часот.

**Учениците и наставниците се задолжуваат:**

- да го почитуваат Кодексот на однесување на ДСУ Спортска академија.
- да имаат совесен, одговорен и хуман однос кон сите во училиштето.
- да доаѓаат пристојно облечени, односно забрането е носење кратки панталони, папучи и сл.
- да го почитуваат редот, дисциплината и хигиената во училницата, училиштето и надвор од него.
- да го чуваат училишниот инвентар и наставно - нагледните средства.

**Наставниците се задолжуваат**:

- навремено да ги започнуваат часовите.
- најстрого се забранува предвремено или неоправдано напуштање на часот.
- да го одржуваат редот и мирот во училниците и просториите на училиштето и училишниот двор.
- средбите родител - наставник да ги остваруваат во претходно утврдени термини.
- навремено да ги известуваат родителите за закажаните родителски средби.
- да изготват записник од одржаните родителски средби и истиот да го предадат на Стручната служба.
- да даваат навремени и точни информации на Стручната служба по потреба.

**Учениците се задолжуваат:**

- да влезат во училница најдоцна 5 минути пред почеток на наставата или други облици на воспитно - образовна работа. Влегувањето и излегувањето од училниците треба да биде пристојно, тивко, без трчање и врева.
- да се однесуваат културно и со почит кон наставно - воспитниот кадар, административниот и техничкиот кадар во училиштето.
- да не го нарушуваат редот на наставата и да ги почитуваат упатствата на предметниот наставник, а во спротивно се упатуваат во педагошката служба.
- да не предизвикуваат конфликтни ситуации или да бидат дел од нив. Меѓусебните недоразбирања учениците да ги решаваат сами меѓу себе на другарски начин во рамките на Класната заедница или со посредство на раководителот на паралелката.
- изостанувањата да ги оправдуваат во рок од три до пет дена.
- да го чуваат и да не го уништуваат зеленилото во училишниот двор и ходниците.
- своите административни потреби ги остваруваат преку раководителот на паралелката.
- да го почитуваат правилникот за употреба на учебниците, односно на почетокот на учебната година сите ученици ќе добијат комплет бесплатни учебници. Учениците не смеат да ги оштетат учебниците, да потцртуваат или да означуваат одделни делови од текстот на учебникот. По завршувањето на наставната година учениците се должни да ги вратат учебниците неоштетени. Ако ученикот не го врати комплетот учебници или го врати оштетен, неговиот родител/старател ќе треба да ја надомести вредноста на комплетот учебници во висина од 70%. Секој ученик во моментот на добивање на комплетот бесплатни учебници, ќе добие и список на нумерирани учебници што ги содржи комплетот, упатство за нивно користење, за одговорност при оштетување, уништување или губење на учебникот; степенот на оштетување на учебниците ќе го утврдува комисија формирана од страна на Директорот.

**На учениците им е забрането:**

- напуштање часот (индивидуално и групно) без одобрение и задржување во санитарните простории или во ходниците. Заради непочитување на оваа одредба, ќе се изрекуваат педагошки мерки.
- користење на мобилен телефон за време на часовите (истиот мора да биде исклучен).
- внесување на храна и пијалаци во училниците.

- пушење во просториите на училиштето и училишниот двор.
- внесување и конзумирање алкохолни пијалаци во кругот на училиштето.
- внесување и користење на хемиски недозволиви средства во училиштето и училишниот двор.
- носење оружје или други предмети опасни по здравјето и безбедноста на луѓето.

Учениците во училиштето кои се истакнуваат со својата работа, успех и поведение, кои ќе се афирмираат во колективни или индивидуални спортови или во било која друга област, ќе бидат пофалени и наградени.

**СЕ ЗАБРАНУВА ПУШЕЊЕ ВО ПРОСТОРИИТЕ НА УЧИЛИШТЕТО И ВО КРУГОТ НА УЧИЛИШНИОТ ДВОР.**

**ДОПОЛНИТЕЛНО ЌЕ СЕ ОПРЕДЕЛИ МЕСТО ЗА ПУШЕЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ И ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО ДСУ СПОРТСКА АКАДЕМИЈА.**

Директор,

Дејан Јовановски

____________________